РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09 - 403/1
26.04.2021 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр.10/20), член 50, став 1, точка 14 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 36 став 1 алинеја 8, член 43-е став 1 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

# **РЕШЕНИЕ**

## **за назначување на службеник за млади одговорен за работењето на Канцеларијата за млади на Општина Валандово**

1. **За службеник за млади,** одговорен за работењето на Канцеларијата за млади на Општина Валандово, **се назначува**

**Владимир Лазов**, Виш соработник – систем администратор на ИТ мрежи во Општинската администрација на Општина Валандово.

2. Назначеното лице од точка 1 на оваа Решение е одговорно за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес за младите во делокругот на надлежностите на општината.

3. Службеникот за млади изготвува годишен извештај за работата на Општина Валандово во делокругот на млади и истиот го поднесува до Агенцијата за млади и спорт и го објавува на веб-страницата на Општина Валандово.

4. Назначеното лице може да се контактира во седиштето на Општина Валандово на ул.„Иво Лола Рибар“ бб, на тел.034/382 007 или на е-маил administracija@valandovo.gov.mk.

5. Решението да се објави на веб-страницата на Општина Валандово.

## **Образложение**

Со Законот за младинско учество и младински политики и Статутот на Општина Валандово, утврдена е должност на општината да одреди службеник за млади, лице кое ќе биде одговорно за работењето на Канцеларијата за млади, за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на институцијата.

Имајќи ја во предвид ваквата обврска, со оваа Решение се назначува лице, вработено во администрацијата на Општина Валандово кое ќе ги врши работите на службеник за млади.

Ваквото решение, како и информации за службеникот за млади ќе бидат објавени на веб-страницата на Општина Валандово.

**Правна поука:** Против оваа Решение може да се поднесе жалба преку Градоначалникот на Општина Валандово до Агенцијата за Администрација во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на интернет страницата на Општина Валандово.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: Е. Фидански
Контролирал/Одобрил:Б. Киров